Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Нацрт-Одлука за утврдување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона *Шарпланинска* Б2-Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од Западна индустриска зона *Шарпланинска* Б2-Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесеттата Седница на Советот, одржана на ден 06.11.2009 година.

**Број 08- 3360/1**
**од 09.11.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски** с.р.

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров“ („Службен гласник на Град Скопје“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05, 137/07 и 91/2009), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница одржана на ден 06.11.2009 година, донесе:

**Н А Ц Р Т-О Д Л У К А**
**за утврдување на Детален урбанистички план**
**за дел од Западна индустриска зона - Шарпланинска Б2**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона - Шарпланинска Б2, Општина Ѓорче Петров, Скопје.

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје(Службен гласник на Град Скопје бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,(Сл. весник на Р.Македонија бр. 51/2005,137/2007 и 91/2009), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006 , 140/2007 и 12/2009)

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона - Шарпланинска Б2, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од 13,76 ха, со следни граници на опфат:

- **југоисток:** Оска на новопланирана улица, превземена граница од ДУП дел од зап. инд. зона - ул. Шарпланинска-Б1 и продолжува по јужна граница на парцела 1261 спрема постојната состојба, до оска на Бул. Илинден.

- **север и североисток**: Оска на новопланирана улица, превземена од ДУП Пречистителна станица
- **северозапад:** Оска на новопланирана сообраќајница
- **југозапад**: Оска на ул: шарпланинска

**Ч л е н 3**

Деталниот урбанистички план за дел од Западна индустриска зона Шарпланинска Б2, Општина Ѓорче Петров е изработен од ИН-ПУМА, Институт за урбанизам сообраќај и екологија, Скопје, со технички број 227/08.

Деталниот урбанистички план содржи:

**ВОВЕД**

**I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. Вовед
2. географско и геодетско одредување на планскиот опфат
3. историјат на планирање и уредување на планскиот опфат
4. Податоци за природни чинители
5. Податоци за создадени вредности
6. Инвентаризација и снимка на изградениот градежен фонд
7. Инвентаризација и снимка на изградена комун. инфраструктура
8. Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанист. план
9. Анализа на можностите за просторен развој
10. Извод од ГУП на град Скопје

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. Извод од ГУП на Скопје од 2002 год.............................. 1:5000
2. Извод од постоен ДУП ............................................ 1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога ...................................... 1:1000
4. Инвентаризација и снимка на бесправна градба........... 1:1000
5. Инвентаризација на постоен градежен фонд................ 1:1000
6. Инвентаризација на постојна инфраструктура............. 1:1000
7. Сателитска снимка ......................................................... 1:1000

## II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вид на план, назив на планскиот опфат и плански период
2. Географска и геодетска местоположба
3. Планска програма
4. Опис и образложение на планскиот концепт
5. Опис и образложение на планските решенија за изградба
6. Инфраструктура
7. Економско образложение
8. Мерки и заштита

### Б. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1. Нумерички показатели
2. Билансни показатели
3. Попречни профили на сообраќајна инфраструктура

### В. УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

1. Општи услови за градба, развој и користење на земјиштето
2. Посебни услови за градба, развој и користење на земјиштето

### Г. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. План на намена на земјиштето и градбите ........................ 1:1000
2. План на површини за градење и регулационен план ............ 1:1000
3. Сообраќаен и нивелационен план .......................................... 1:1000
4. Инфраструктурен план ...........................................................1:1000
5. Синтезен план .......................................................................1:1000

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Член 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување

на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на Планот.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-3245/3**
**од 06.11.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела 23.1 од ДУП населба Хром, на име Љубомир Таневски**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела 23.1 од ДУП населба Хром на име Љубомир Таневски, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесеттата Седница на Советот, одржана на ден 06.11.2009 година.

**Број 08- 3360/2**
**од 09.11.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски** с.р.

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина „Ѓорче Петров" („Службен гласник на Град Скопје" бр 5/2006) и член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија" број 51/05,137/07 и 91/09 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница одржана на 06.11.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана градежна парцела 23.1. во ДУП населба Хром, општина Ѓорче Петров, со намена семејно домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамки на формирана грдежна парцела **23.1**, од ДУП населба Хром, Ѓорче Петров, со намена семејно домување во станбени куќи, заради усогласување на параметрите за градење.

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се утврдува потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација, претставува оформена градежна парцела со намена семејно домување во станбени куќи, на која треба да се усогласат параметрите за градење.

**Ч л е н 3**

Параметрите за градење (површина за градење и максимална висина на градба) ќе се усогласат според стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

**Ч л е н 4**

Составен дел на оваа одлука е графички прилог- извод од ГУП на град Скопје и извод од ДУП населба Хром, општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-3245/4**
**од 06.11.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2009 година**

Се објавува Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2009 година, на Бигорскиот манастир *Св.Јован Крстител*, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесеттата Седница на Советот, одржана на ден 06.11.2009 година.

**Број 08- 3360/3**
**од 09.11.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски** с.р.

Врз основа на член 16 став1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина на Ѓорче Петров за 2009 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.15/2008), Советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата Седница одржана на ден 06.11.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2009 година**

1. На товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2009 година - Програм ДО Градоначалник, позиција 413110 - тековна резерва, на МПЦ-Дебарско-кичевска епархија Бигорски Манастир *Св.Јован Крстител*, се одобрува износ од 100.000,00 денари, како донација за делумно покривање на трошоци за реконструкција на опожрениот манастирски комплекс.

2. Средствата да се уплатат на име МПЦ-Дебарско-кичевска епархија Бигорски Манастир *Св.Јован Крстител*, на жиро-сметка број: 500-000000-3835-65, Депонент Стопанска Банка а.д.-Битола;

3. Ова Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

4. Се задолжува Одделението за финансирање и Буџет за извршување на Решението.

**Број 07-3245/5**
**од 06.11.2009 година**
**С к о п је**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски** с.р.